**20220670782**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 127 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 март 2022 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА УНИФОРМАТА И ОЗНАКИТЕ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 1

Во Уредбата за униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 270/19 и 59/21), во член 14 во ставот 1 зборовите „натпис „ПОСЕБНА ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА““ се бришат.

По ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„Во градот Скопје, во општините во градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, ознаките на основната униформа се: натпис „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA”, натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT“, амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA”, амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA KUFITARE“, амблем во форма на штит со намалени димензии и метална ознака за шапка.

На униформата на полициските службеници во организациските единици формирани за вршење на полициски работи за кои е потребен висок степен на специјализација, како и ефективно и економично извршување на одредени специфични и сложени задачи за целата територија на Република Северна Македонија согласно закон, се користат ознаките на основната униформа од ставот 1 на овој член.“

Член 2

Членот 25 се менува и гласи:

„Ознаките на униформата за извршување на посебни и специјални задачи за целата територија на Република Северна Македонија се: амблем „ПОЛИЦИЈА“, амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА - ТИГАР“, амблем „ЕДИНИЦА ЗА БРЗО РАСПОРЕДУВАЊЕ“, амблем „ПОСЕБНА ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА“, амблем „МОБИЛНА ЕДИНИЦА ЗА КОМПЕНЗАТОРНИ МЕРКИ“, амблем „ЕДИНИЦА ЗА СЛУЖБЕНИ КУЧИЊА“, амблем во форма на круг со намалени димензии, амблем во форма на штит со намалени димензии, натпис за идентификација, натпис „ПОСЕБНА ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА“, натпис „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА – ТИГАР/ПОЛИЦИЈА“, натпис „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“, правоаголен амблем со натпис за специјалност, оперативна и крвна група и метален амблем во форма на круг со намалени димензии.

Во градот Скопје, во општините во градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, ознаките на униформата за извршување на посебни и специјални задачи се: амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA”, „амблем „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI POLICOR PËR INTERVENIM“, амблем „ПОЛИЦИСКО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJISIA POLICORE E POLICISË INTERVENTE“, амблем во форма на круг со намалени димензии, амблем во форма на штит со намалени димензии, натпис за

идентификација, натпис „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ „MAQEDONIA E VERIUT”, правоаголен амблем со натпис за специјалност, оперативна и крвна група и метален амблем во форма на круг со намалени димензии.“

Член 3

Во член 31 по зборовите „воздухопловна служба“ се додаваат зборовите „која извршува специфични и сложени задачи за целата територија на Република Северна Македонија.“

Член 4

Во член 35 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„Во градот Скопје, во општините во градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, ознаките на свечената униформа се: амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA”, натпис или амблем за припадност на организациска единица, метална ознака за шапка и амблем во форма на штит со намалени димензии.

На униформата на полициските службеници во организациските единици формирани за вршење на полициски работи за кои е потребен висок степен на специјализација, како и ефективно и економично извршување на одредени специфични и сложени задачи за целата територија на Република Северна Македонија согласно закон, се користат ознаките на свечената униформа од ставот 1 на овој член.“

Член 5

Во членот 39 по зборот „полицијата“ се додаваат зборовите „кој извршува специфични и сложени задачи за целата територија на Република Северна Македонија.“

Член 6

По членот 39 се додава нова точка 6. НАТПИСИ НА ОЗНАКИТЕ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА и нов член 39-а, кои гласат:

„6. НАТПИСИ НА ОЗНАКИТЕ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 39-а

Натписите на ознаките на униформата на Полицијата се испишани со идентична големина и фонт на буквите на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија и неговото писмо“.

Член 7

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

Бр. 41-2346/1
15 март 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.